

# Зборови на НАДЕЖ

Твојот живот е резултат на изборот што го правиш. Ако не ти се допаѓа твојот живот, почни да правиш подобар избор.

Какви што се вообичаените мисли, таква ќе биде и природата на твојата душа, бидејќи мислите ѝ даваат боја на душата.

Убавите мисли изградуваат убав карактер.

Патот на неразумниот му се чини прав во неговите очи; но кој слуша совет, тој е мудар.

*(Мудри изреки 12,15)*

Кој стекнува разумност, си ја сака душата, а кој го чува разумот, наоѓа среќа.

*(Мудри изреки 19,8)*

Мудроста почива во разумно срце.

*(Мудри изреки 14,33)*

Научи нè да ги броиме
нашите дни, да придобиеме
мудро срце.

*(Псалм 90,12)*

Мудроста ќе влезе во твоето
срце и знаењето ќе ја
зарадува твојата душа.

*(Мудри изреки 2,10)*

Зашто мудроста е
поскапоцена од бисери, и
никакви скапоцености не
можат да се споредат со неа.

*(Мудри изреки 8,11)*

Спокојно ќе легнам, и ќе
заспијам зашто само Ти,
Господи, ми даваш да
живеам во безбедност.

*(Псалм 4,8)*

Зборови кажани во право
време, се златни јаболки во
сребрени садови.

*(Мудри изреки 25,11)*

Благиот одговор ја
ублажува јароста, а грубиот
збор го зголемува гневот.

*(Мудри изреки 15,1)*

Кој е долготрпелив
подобар е од јунакот, и кој
владее со себе, подобар е од
освојувачот на град.

*(царот Соломон во книгата
Мудри изреки 4,8)*

Ако е гладен твојот
непријател, нахрани го со
леб, и ако е жеден, напој го
со вода, зашто така му
натрупуваш жар на главата,
и Господ ќе те награди.

*(Мудри изреки 25,21.22)*

Ете, Бог е мое спасение, се
надевам, не се бојам веќе,
зашто Господ е моја сила и
песна, Тој е мој избавител.

*(Исаија 25,21.22)*

Ти Си, Господи,
моја надеж!

*(Псалм 71,5)*

Мојата заштита е во Бога,
Кој ги избавува оние, што се
прави во срцето.

*(Псалм 7,10)*

Многу луѓе се наоѓаат
во беспомошна ситуација
бидејќи не бараат
помош од Бога.

Блажен е оној човек, чија
надеж е во Господа!

*(Псалм 40,4)*

Душо моја, мирот
е само во Бога.

*(Псалм 62,1)*

Господ му се јави од далечина: „Те љубам со вечна љубов, затоа ти запазив милост“.

*(Еремија 31,3)*

Ќе го избавам зашто ме љуби, ќе го закрилам зашто Го познава Моето име. Ќе Ме повика, а Јас ќе го услишам, со него ќе бидам во неволја, ќе го спасам и ќе го прославам. Ќе го наситам со многу денови, ќе му го покажам Моето спасение.

*(Псалм 91,14-16)*

Љубовта долго трпи,
љубовта е милостива,
лубовта не завидува,
не се фали, не се вообразува;
не се однесува непристојно,
не го бара своето,
не се раздразнува.
Не држи сметка за зло;
не ѝ се радува на неправдата,
а ѝ се радува на вистината;
сѐ премолчува, сѐ верува,
на сѐ се надева, сѐ трпи.
Љубовта никогаш
не престанува.

*(1. Коринќаните 13,4-8)*

Да најдеш верен пријател
е исто како да си пронашол
богатство!

Каде и да одите, што и да
правите, никогаш не
заборавајте да ја земете
вашата насмевка со вас.

Ако видиш некој без
насмевка, дај му ја твојата,
сигурно многу ќе му треба!

Насмевката е украс
на лицето.

Подобро им е на двајцата отколку на еден, зашто имаат подобра плата за својот труд. Ако падне едниот, другиот ќе го поткрене а тешко му на едниот! Ако падне, нема никој да го крене. Па и ако се спие двајца заедно потопло е; а како ќе се загрее самецот? И ако некој удри на едниот, двајцата ќе му се спротиват; и тrostruko јаже не се кине скоро.

*(Проповедник 4,9-12)*

Зашто Јас, Господ, твојот Бог, ја крепам твојата десница и ти велам: „Не бој се, Јас ти помагам“.

*(Исаија 41,13)*

А сега остануваат овие три: вером, надежта и љубовта, но љубовта е најголема од нив.

*(1. Коринќаните 13,13)*

Вашиот труд е тајната на УСПЕХОТ.

Бог те благослови со нов ден, денес. Уживај во секој момент од денот, бидејќи секој ден е уникатен и не се повторуваат можностите кои Бог денес ти ги нуди!

Денес, ти имаш сè што е потребно за да имаш благословен ден! Не заборавај да му заблагодариш на Бога за тоа! Уживај во благословите што Бог ти ги дава секој ден!

Одвој време за
размислување: тоа е
изворот на мудроста!
Одвој време за читање:
тоа е темел на мудроста!
Одвој време за спортување:
тоа ја одржува младоста!
Одвој време да љубиш: тоа е
најголемиот Божји дар!
Одвој време за смеење: тоа е
музика за душата!
Одвој време за пријателите:
тоа ќе ти донесе среќни
мигови!
Одвој време за молитва:

молитвата е најтаинствената
сила на човековата душа!

Молитвата е дишење на
душата!

Сè има свое доба,
и секоја работа под небото
свое време.

*(Мудри изреки 3,1)*

Не гледај назад, зашто
твојата цел е ПРЕД ТЕБЕ.

Бог рече едно, а јас чув две:
„Силата е во Бога!"
Господи, во Тебе е
добрината! Ти му враќаш
секому според делата.

*(Псалм 62,11.12)*

Зашто им заповеда на
своите ангели, да те чуваат
на сите твои патишта.

*(Псалм 91,11)*

Оној кој се плаши веќе страда
од она од што се плаши.

Ќе го избавам зашто ме љуби, ќе го закрилам зашто Го познава Моето име. Ќе Ме повика, а Јас ќе го услишам, со него ќе бидам во неволја, ќе го спасам и ќе го прославам. Ќе го наситам со многу денови, ќе му го покажам Моето спасение.

*(Псалм 91,14-16)*

Ако Бог те довел до таму каде што си, Бог ќе те доведе и до таму каде што треба да бидеш!

Ако низ животот одвај се влечеш, можеби некој товар треба да слечеш!

Ако Господ не го гради домот, напразно се трудат ѕидарите. Ако Господ не го чува градот, напразно бдее стражарот. Залудно ви е да станувате пред зората и да седите долго во ноќта, вие што го јадете лебот на трудот: Тој им дава на Своите возљубени и во сон.

*(Псалм 127,1.2)*

Подарете им насмевка на
тажните, кажете убав збор
на несреќните, одвојте
малку време за осамените.
Понекогаш не сте ни свесни
колку вашето малку за
некого значи многу!
На патеката во животот не е
секогаш лесно. Може да
најдете пречки по патот. Но
тоа не значи дека треба да
запрете и да се вратите.
Продолжете да одите само
напред...

Ако Бог те довел до таму
каде што си, Бог ќе те доведе
и до таму каде што
треба да бидеш!

Ако си благослов за
другите ќе бидеш благослов
и за себеси!

Бидете љубезни со сите,
за некого можеби вие сте
единствената светлина
денес!

Подобро добри дела денес,
отколку ветувања за утре!

Плодот на тишината е
молитвата, плодот на
молитвата е верата, плодот
на верата е љубовта,
плодот на љубовта е
помагањето, плодот на
помагањето е мирот.

*(Мајка Тереза)*

Правилно ќе го вреднуваш
времето, само ако правилно
ја вреднуваш вечноста!

За сè што имаш,
заблагодари Му на Бога!
За сè што ти треба, верувај
Му на Бога!
А од сè што треба да се пази,
најважно е да си го пазиш
срцето, зашто таму се
изворите на животот.

Подобро малку, но
праведно спечалено, отколку
големо богатство стекнато
неправедно!

*(Мудри изреки 16,8)*

Господи, претвори ме во Твој миротворец; да донесам љубов таму каде што има омраза; прошка, каде што има навреда; вера каде што има сомнеж; надеж каде што има очај; светлина, каде што имам темнина; радост, каде што има жалост.

Те прославувам зашто сум чудесно создаден. Прекрасни се Твоите дела; душата моја тоа добро го знае.

*(Псалм 139,14)*

Блажени се оние, кои се
бојат од Господа, кои одат по
Неговите патишта!
Ќе јадеш од плодовите на
рацете свои: блазе тебе и
добро ќе живееш.

*(Псалм 128,1-2)*

Близу е Господ до оние кои
го бараат со искрено срце.

Кој сака нешто да научи ќе
најде начин, кој не сака ќе
најде изговор!

Приближи се кон Бог и Тој
ќе се приближи кон тебе!

Љубовта и искреноста се
две нераздвојни крилја,
зашто љубовта не може да се
издигне без искреност, а ни
искреноста без љубов!

Вети го тоа што можеш да
го исполниш, а потоа,
исполни повеќе отколку
што си ветил!

Еве десет правила за
успешен ден: оди и направи
некое добро дело. Повтори
го тоа уште девет пати.

Уживај го денешниот ден,
не можеш да направиш ни
што за вчерашниот ден. Но
денес можеш да направиш
утре да биде поблагословено
со спомените од добрите
дела од денешниот ден!

Радувајте се секогаш!

Знам дека нема друга среќа
за човекот, освен да се
весели и да прави добро за
време на својот живот!

Човекот мора да биде
доволно голем за да ги
признае своите грешки,
доволно паметен за од нив
да има полза, и доволно
силен за да ги исправи!

Прегратката е прекрасен
дар, една величина одговара
на сите!

Не е доволно само да се посее љубовта, таа треба и да се полева!

Не грижете се за утрешниот ден, зашто утрешниот ден ќе се грижи за себеси. Доста му е на секој ден неговото зло.

*(Матеј 6,34)*

Веселото срце е одличен лек, а невеселиот дух ги суши коските!

*(Мудри изреки 17,22)*

Погледнете ги птиците
небесни! Тие ниту сеат,
ниту жнијат, ниту собираат
во житници, и пак вашиот
небесен Татко ги храни.
Зар не сте вредни
многу повеќе од нив?...

*(Матеј 6,26.34)*

Благословени се луѓето со
чисто срце, зашто тие ќе го
видат Бога!

Среќен е оној човек што ги
прави среќни другите луѓе.

Зракот на љубовта ги
уништува бактериите
на омразата!

Најдобро платена работа
со полно работно време е
работата на мајката -
платата ѝ е чиста
неизвалкана љубов
од своето дете.

Смеењето е најефикасниот
лек за вашето здравје.
Бесплатно го добивате,
бесплатно споделете го!

Величината на еден човек
се огледува во длабочината
на неговите убедувања,
височината на неговата
љубезност и досегот на
неговата ЉУБОВ!
Додека го сакаме човекот
само поради неговите
вредности, тоа и не е
вистинска љубов.
Вистинската љубов
започнува кога ќе го
засакаме човекот и покрај
сите негови недостатоци.

Споделената среќа е двојно поголема, споделената тага е двојно помала.

Подари ни, Господе Боже: Упорност за да те бараме; Мудрост за да те најдеме; Бистар ум за да те разбереме; и верност со која на крајот во Твоите прегратки ќе дојдеме.

Твојот вистински карактер се гледа кога никој не те гледа!

Секоја своја грижа предајте ја на Бога, бидејќи Тој се грижи за вас!
*(1. Петрово 5,7)*

Не е важно она што го носиш на себе, важно е она што го носиш во тебе!

Најтежок е првиот чекор, потоа сè оди лесно...

Верата ве поткрева до небото.

Ако постои замена за
мудроста, тогаш тоа е
молчењето!

Кога ти е добро
- верувај во Бога.
Кога ти е лошо
- верувај во Бога.

На луѓе не се надевам,
само на Бог се надевам.

Подобро е да бидеш дете
Божје, отколку да бидеш цар
на цел свет! Бог не ни го

дава тоа што не можеме да го издржиме, туку ни помага да го издржиме тоа што ни е дадено.

Бог е со вас секогаш и во добрите и во лошите времиња. Тој ветил дека никогаш нема да ве остави се до крајот на времето. Може не го чувствувате тоа сега, но продолжете да Го барате со целото ваше срце, ќе Го најдете и ќе Го запознаете на начини кои не сте ги знаеле порано.

Семето што го сееме денес, го определува плодот што ќе го береме утре!

Кој дели изобилно, сè повеќе има, а кој скржави сè е посиромашен.

Најважниот момент секогаш е - СЕГА!
Најважаната личност секогаш е - ТАА ДО ТЕБЕ!
Најважното дело секогаш е - ДОБРИНАТА!

Благотворната душа наоѓа поткрепа, а кој ги напојува другите, сам ќе се напои.

*(Мудри изреки 11,24-25)*

Кој сее скржаво, скржаво и ќе жнее; кој сее во благослов, во благослов и ќе жнее!

*(2. Коринќаните 9,6)*

Избувливиот човек прави лудости, и зломисленикот ќе биде замразен.

*(Мудри изреки 14,17)*

Во бракот попотребно е трпението отколку логиката. Лошиот брак не е поради недостаток на љубов, туку поради недостаток на пријателство.

Љубовта е чудесна сила: несовршенството го претвора во совршено!

Домот на нечесните ќе пропадне а живеалиштето на праведниците ќе процвета.

*(Мудри изреки 14,11)*

Мудриот се бои и се отклонува од злото, а безумниот се распалува и е смел.

*(Мудри изреки 14,16)*

Најтешката борба на човекот е борбата против сопственото срце! Понекогаш подобро е да бидеш љубезен отколку да бидеш во право. Не ни е потребен интелегентен ум кој зборува, туку трперливо срце кое умее да слуша.

Бог одговара на три начини:
- Тој вели ДА и ти го дава
тоа што го сакаш.
- Тој вели НЕ и ти дава
нешто подобро.
- Тој вели ЧЕКАЈ и ти го
дава најдоброто.

Верата создава насмевка
на лицето, а во срцето
всадува сигурност.

Кога Верата влегува низ
врата, суеверието излегува
низ прозорецот.

Заборави ги минатите
победи ако те прават горд.
Спомни си за нив само ако
те прават силен. Заборави ги
минатите порази кога
трубата вика на борба.
Спомни си за нив кога си
наклонет да се фалиш.

Единствено нешто со кое
човекот не може да се
пофали е скромноста.
Кога би се пофалил, повеќе
не би бил скромен.

Или Библијата ќе те варди од гревот, или гревот ќе те варди од Библијата.

Вистински пријател ти е оној кој знае сѐ за тебе и пак те сака!

Успешниот брак бара да се вљубуваме повеќе пати и секојпат во истата личност!

Најголем благослов за една жена е таа да стане мајка!

Смислата на бракот не е да
се размислува слично, туку
да се размислува заеднички!

Верата го гледа невидливото,
го верува неверојатното и го
постигнува невозможното!

Бог е како кислородот, не
можеш да го видиш но и не
можеш без него.

Простувањето е одлика на
силните. Слабите немаат
сили да простуваат!

Бог може подеднакво да ги поднесе твоите големи грижи, како и малите; како што морето може да ги поднесе големите бранови, како и малите.

Така е знај, и мудроста за твојата душа: ако ја најдеш, ја најде иднината, и твојата надеж нема да пропадне.

*(Мудри изреки 24,14)*

Твојата иднина зависи од многу фактори, но главниот фактор си ти!

Добро име е подобро
од големо богатство, и
подобра е милоста
од сребро и злато.

Никогаш не дозволувај да
сретнеш некој кој, по
средбата со тебе, нема
да биде посреќен.

*Мајка Тереза*

Умот е како падобран -
функционира само
кога е отворен.

*(Алберт Ајнштајн)*

Го молев Бога за сила
да постигнам успех,
станав слаб за да се научам
понизно да слушам.
Молев за здравје
да правам големи дела,
добив немоќ за да правам
подобри дела.
Молев за богатство
да бидам среќен,
добив сиромаштво
да бидам паметен.
Молев за моќ луѓето
да ме фалат, добив
слабост за да чувствувам
потреба од Бога.

Молев за сè да уживам
во животот, добив живот
да уживам во сè.
Не добив ништо за што
се молев, добив
сè што очекував.
Моите неискажани молитви
се вослишени,
Јас сум меѓу најблажените.

Факата што дава е секогаш
над онаа што зема.

Зборовите не треба да се
бројат туку да се мерат.

Господ нека те благослови и
нека те чува! Господ нека
погледне на тебе со своето
светло лице и нека те
помилува! Господ нека го
сврти својот поглед на тебе
и нека ти донесе мир!
*(4. Мојсеева 6,24-26)*

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
“Св. Климент Охридски”, Скопје

821-84

ЗБОРОВИ на надеж / [уредник Мирјана
Гурева]. - Скопје : Знаци на
времето, 2016. - 52 стр. ; 12 см

ISBN 978-9989-659-81-2

COBISS.MK-ID 100605194


Добро размислете пред некому да упатите тежок збор, но никогаш не пропуштајте ја можноста да кажете некој добар збор.
www.znacinavremeto.mk